*Краток документ за застапување*

# ОПШТИНА ВИНИЦА

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ РОМИТЕ

**АВТОРИ:**
Алберт Мемети
Надире Реџепи

# Вовед

Главен проблем во општината е големата невработеност која изнесува дури 46% од работоспособното население и заради тоа се потребни интензивни активности да се подобрат условите за нови вработувања [1]. Кај ромската заедница според податоците за невработеност во текот на 2017та година регистрирани се вкупно 144 невработени Роми од кои 35 се жени Ромки. Споредбено со 2003та кога биле регистрирани 452 Роми како невработени, може да се заклучи дека невработеноста кај ромската заедница во оваа општина е драстично намалена. На оваа бројка свое влијание има и миграцијата како и поделбата на активни и пасивни баратели на работа што не носи до заклучок дека сепак ова не е реалната состојба на вработеноста на ромската заедница во Виница.. Според податоците на Центарот за социјални работи во Виница во 2017 година најголем број од примателите на социјална помош се Ромите со вкупно 101, а потоа следуваат Македонците со 75 приматели на ваква помош. Поради ваквата лоша финансиска состојба голем број на ромски семејства бараат подобри можности во западно европските држави.

## ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Виница е град кој се наоѓа во источниот дел на Република Македонија со површина 334 км2 и се смета за една од помалите општини во државата. Според податоците на државниот завод за статистика во општина Виница живеат околу 19.274 жители од кои 92% од вкупното население се Македонци, а како втора етничка заедница која живее во оваа општина се Ромите со вкупен број од 1230 жители или 6,2% од вкупното населние.

# Анализа на проблемите

По воведувањето на безвизниот режим во Република Македонија голем број на Роми ја напуштаат државата и одат во западно европските држави. Според НВО секторот голем број на ромски семејства од Виница го напуштаат ромското маало во кое живеат. Податоците[2] се дека повеќе од 50-тина семејства ја напуштиле општина Виница. Дополнително, според податоците од училиштата во општината, бројот на деца кои посетувале настава исто така се намалил за толкав број бидејќи заминале заедно со своите родители. Иако голем број на ромски семејства кои заминале како баратели на азил, живеат таму и по неколку години, во изминатиот период неколку европски држави одлучија да ги враќаат во нивните матични држави.Поради ваквата одлука особено во Германија[3], поголем број на Роми во неколку

[1] Општина Виница официјална веб страна. Достапно на: https://goo.gl/AqmGRh
[2] Телевизија Кочани - ТВК, Азилантски Бран
[3] Financial Times, Germany cracks down on Balkan migrants as it welcomes Syrians. Достапно на: https://goo.gl/uNnZKS

групи се вратени назад. Ромите повратници по нивното враќање со соочуваат со голем број на проблеми, особено децата кои се на школување. Постојат одредени групи на деца коишто во европските држави поминале и повеќе од четири години и истите имаат потешкотии со говорење на македонскиот јазик, но исто така оваа група на ученици не може да го продолжат своето образование таму каде што застанале. Нивните родители се соочуваат со проблеми при барањето на социјална и здравствена заштита поради недостаток на соодветна документација. Постојат и случаи каде што одредени семејства пред заминување во западно европските држави ги продале своите домови со цел да се стекнат со финансиски средства за да може да ја напуштат државата. По нивното враќање назад нема каде да живеат, истите се приморани да живеат кај нивни блиски пријатели и роднини.

Дополнителен проблем во Виница во однос на образованието на децата Роми е нивното заминување надвор од општината со родителите кои одат на сезонска работа при што овие деца не следат редовна настава.[4] Тие се враќаат заедно со родителите најчесто во октомври, односно во период кога училишната година е веќе почната.Поради тие причини не се во можност да се вклучат во наставата. Деца кои се вратиле со родителите од сезонска работа не се примаат назад на редовна настава туку се предвидува изгубената настава да ја надополнат вонредно. Овие семејства најчесто се приматели на социјална помош или пак, зависат единствено од приходите што ги добиле за време на сезонската работа и немаат финансиска поддршка за детето да може да ја надомести изгубената настава преку вонредно полагање испити затоа што тие се плаќаат.

# Заклучок

Од наведеното може да се заклучи дека невработеноста во општина Виница е на високо ниво особено кај ромската заедница. Поради лошата економска состојба во која живеат Ромите во Виница дел од нив во надеж за подобар живот ја напуштаат општината и заминуваат во западно европските држави. По негативните одлуки за признавање на статус на азил голем број на Роми особено од Германија се вратени назад во нивните матични држави, таков е и случајот со општина Виница. Најголеми жртви на сите овие збиднувања се децата коишто во некои случаи дури и воопшто не го зборуваат македонскиот јазик и истите не може да го продолжат своето образование од тоа ниво каде што застанале во странската држава. Дополнителен случај со задоцнување на наставата се соочуваат и децата Роми чии родители мора да заминат на сезонска работа надвор од општината.

[4] Хелсиншки Комитет за Човекови Права, Анализа помеѓу имплементација и реалноста на националната стратегија за инклузија на Ромите Декада 2005-2015. Достапно на: https://goo.gl/4gj75H

# Препораки

1. Да се обезбедат бесплатни правни совети и помош при обезбедување на документација. Лицата повратници по враќањето во Македонија поради недостаток на лична документација не можат да ги остварат своите права.

2. Помош при обезбедување на работни места преку Агенцијатаза вработување. Лицата повратници веднаш да се регистрираат како активни баратели на работа се со цел да може да аплицираат за активните мерки за вработување и програми за обука.

3. Во делот на здравствена заштита, да се обезбеди пакет на основна здравствена заштита која што ќе важи се до завршување на постапката за вадење на лична документација. Со овој начин Ромите повратници веднаш по нивното враќање назад ќе може да бидат здравствено осигурени.

4. Во делот на образование на децата Роми коишто се вратени назад, да им се обезбеди интегрирање во системот на образование со дополнителна помош како на пример, индивидуален тренинг, советување и оддржување на дополнителна настава. Исто така во делот на образование да се обезбеди и одреден вид на стекнување на формално образование и за возрасните Роми повратници. Тоа ќе ги зголеми нивните можности за полесно наоѓање на работно место.

# Библиографија


- Државен Завод за Статистика, "Статистички Годишник на Р.Македонија- Население 2013, Т-03.01.7: Попис 2012 Вкупно Население во Р.Македонија според припадноста на етничка заедница по општини"
- Општина Виница официјален веб сајт за податоци на невработеност
- Financial Times, Germany cracks down on Balkan migrants as it welcomes Syrians, December 2015
- Хелсиншки Комитет за Човекови Права, Анализа помеѓу имплементација и реалноста на националната стратегија за инклузија на Ромите Декада 2005-2015